АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
**ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ**
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; Е-маил: цоневскигЖт-хоме.мк

*Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Наташа Филиповска; Адвокат Александра Тасева; Адвокат Марија Стојановска; Стручен соработник Даниела Стојановска Шутева; Адвокатски приправник Бојан Атанасовски*

Врска: ВПП 2Г.бр -10/13

ПРЕКУ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО:
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

ДОВЕРИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ДОЛЖНИК : Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Верица Љуботенска, со e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со e-mail:conevskig@t-home.mk

ОСНОВ: превремена мерка

ВРЕДНОСТ: 40.000,00 денари

# ОДГОВОР НА ЖАЛБА

Од Должникот преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје

Со Решение на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 10/13 од 14.05.2013 год. се одбива како неоснован Предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување, со кој се бара да му се забрани на должникот да располага со целокупните материјални средства во износ од 230.223.430,00 денари, тековните средства-залихи во износ од 85.874.520,00 денари, како и да му се забрани да ги оттуѓи или оптовари своите недвижности и стварните права кои се запишани врз недвижноста, да му се забрани на должникот да го продава својот удел во друштвото, како и да му се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување, да му предаде или да прими предмети, да наплати побарување и да располага со нив и да се наложи на носителот на платен промет по налог на должникот или трето лице по негов налог да не дозволи исплата на паричен износ од сметките на должникот на паричен износ за кој е дозволена привремената мерка, која привремена мерка ќе важи се до завршување на постапката, која ќе ја започне доверителот со

поднесување на тужба за надомест на долг, во рок од 30 дена од донесувањето на привремената мерка.

Незадоволен од наведеното Решение, доверителот поднесе жалба против истото заради: Суштествена повреда на одредбите на парничната постапка (чл.343 ст.2 т.14); Погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба и Погрешна примена на материјалното право.

Во одговор на поднесената жалба, должникот преку својот Полномошник истакнува дека жалбата е потполно неоснована и очигледно само формално и паушално поднесена, па му предлага на Апелациониот суд во Штип, да донесе одлука со која ќе ја одбие жалбата во целост како неоснована и ќе го потврди Решението на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 10/13 од 14.05.2013 год. заради следното:

Не се точни наводите во жалбата според кои наводно, обжаленото решение има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено што изреката на решението е неразбирлива, причините за решителните факти се нејасни и противречни, за решителните факти постои противречност помеѓу она што во решението се наведува за содржината на исправите и записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи и записникот.

Напротив, обжаленото решение нема недостатоци поради кои не може да се испита, изреката на решението е потполна јасна и разбирлива и не постои никаква противречност ниту во однос на причините за решителните факти кои се јасно дадени и образложени, ниту во однос на исказите дадени во записникот и исправите и самите исправи и записник.

Воедно, не се точни наводите содржани во жалбата за тоа дека наводно првостепениот суд погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право. Напротив, откако претходно правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, првостепениот суд правилно го применил и материјалното право, кога со обжаленото решение го одбил како неоснован Предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување.

Пред се, барањата истакнати со Предлогот се потполно нејасни, конфузни, нереални, неосновани и најблаго речено несериозни.

Имено, со Предлогот доверителот бара судот да издаде привремена мерка со која бара да му се забрани на должникот да располага со целокупниот недвижен имот, без воопшто да напомене за кој и каков недвижен имот станува збор и да достави валидни докази (имотни листови) со детални податоци за недвижниот имот. Понатаму, бара да му се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, но воопшто не наведува од кој должников должник, кое побарување, на кои износи, кои и какви предмети и сл. Се бара да му се забрани на должникот да наплатува побарувања и да располага со нив, да не му се дозволи на должникот било каква исплата на парични средства од неговите сметки и слично, а сето тоа до правосилно завршување на постапката за надомест на долг, која должникот би ја повел со тужба во рок од 30 дена од донесувањето на решението за времена мерка.

Вака поставените барања во Предлогот, се најблаго речено несериозни, но и недозволени, бидејќи во буквална смисла би значеле престанок на дејноста на должникот, кој не би можел да ги плаќа даноците, да исплаќа плати на вработените, да го плаќа грозјето од лозрите, да набавува суровини и опрема за нормално одвивање на процесот на производство, да го продава произведеното вино кое за краток временски период би можело да се расипе и сл.

Видно од доказите изведени во текот на постапката, не е исполнет ниту еден од условите за дозволување на привремена мерка, утврдени во чл.33 од ЗОП, бидејќи

доверителот ниту го стори веројатно постоењето на побарувањето, ниту опасноста дека без таква мерка должникот ќе ја осуети или значително отежне наплатата на побарувањето.

Во тој контекст, доверителот истакна дека ќе поднесе тужба против должникот за надомест на долг, но воопшто не појасни зошто смета дека во ваков случај би постоела стварна легитимација, односно дека токму тужителот како физичко лице би можел да поднесе ваква тужба (активна легитимација) и тоа токму против должникот како правно лице (пасивна легитимација). Ова дотолку повеќе што доверителот Владислав Втулкин ниту е, ниту пак некогаш бил содружник на должникот. Доверителот смета дека станал содружник на должникот само врз основа на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен на ден 13.11.2004 година, помеѓу доверителот и лицето Ристе Љуботенски, меѓутоа согласно одредбите од ЗТД, содружник на друштво се станува со склучување на договор за основање на друштво, кој мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен нотар, како и со потпишување и заверка на другите акти наведени во ЗТД. Но, доверителот никогаш не склучил и заверил договор за основање на друштво со содружникот на должникот, ниту биле потпишани и заверени другите потребни акти (одлуки, изјави, пријава, пропишани обрасци и сл.). Од таму, навистина е нејасно како би можел доверителот како физичко лице да истакнува тужба за надомест на долг против должникот.

Во однос на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка, видно од самиот договор, но и од наводите истакнати од должникот на самото рочиште, вољата на договорните страни била доверителот да влезе како содружник во друштвото ИМАКО ДООЕЛ Штип, со 50% од уделите, но само доколку на другиот содружник му исплати 50% од вредноста на вкупниот капитал со кој располагаат двете друштва, односно вкупниот капитал кој до тогаш го инвестирал содружникот Ристе Љуботенски. Со оглед на тоа што вредноста на моменталниот капитал самиот доверител во Предлогот ја пресметува на износ од околу 5.000.000,00 ЕВРА, тоа би значело дека доверителот би требало да му исплати на другиот содружник 50% од овој износ, или околу 2.500.000,00 ЕВРА. Но, наместо тоа доверителот на перфиден начин уплатил само 2.475,00 ЕВРА или 49% од вредноста на основачкиот влог, убедувајќи го другиот содружник дека штом биде запишан како содружник ќе ги уплати и другите пари. Меѓутоа, иако бил запишан како содружник во актите на друштвото ИМАКО ДООЕЛ Штип, доверителот до денес, не уплатил ниту едно евро на име надомест на реалната вредност за отстапениот удел. Се до 2007 година, доверителот, односно различни трговски друштва од Русија поврзани со него, купувале вино од должникот, ја плаќале купопродажната цена, но доверителот никогаш не ги уплатил ветените пари, ниту пројавувал интерес за работењето на должникот, па затоа и никогаш не станал содружник на должникот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип.

Навистина е нејасно зошто после 9 години доверителот токму сега се сетил на должникот, па смета дека има некакво побарување од него и дека постои опасност тоа побарување да му биде осуетено, доставувајќи некакви податоци за вредноста и вработените од 2011 година??? Зошто после 9 години токму сега би постоела опасност да биде осуетено некакво побарување на доверителот кое воопшто не постои???

Меѓутоа, целта на доверителот е недозволена бидејќи истиот очигледно сака со уплатен износ од 2.475,00 ЕВРА на име основачки влог да се стекне со 50% од сопственоста на вкупниот капитал кој според него изнесува околу 5.000.000,00 ЕВРА.

Доверителот се повикува на одредбите од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година, па смета дека без воопшто да ги исполни своите обврски од тој договор, може да бара од другата договорна страна да ги исполни сите свои обврски што е потполно спротивно на основните начела утврдени во ЗОО.

Самиот Договор за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година, е ништовен договор согласно одредбите од чл.38 ст.2, 39, 43, 44, 55 и 95 ст.1 од ЗОО. Притоа, должникот укажува дека на ништовноста на договорите судот е должен да внимава и по службена должност, но и покрај тоа, лицето Рисет Љуботенски како

договорна страна во тој договор, веќе поднесе тужба до Основниот суд во Штип за утврдување на ништовност на договорот врз основа на кој доверителот смета дека има некакви права и побарувања према должникот.

Во однос на кривичната пријава поднесена од доверителот против содружникот на должникот, која беше неколку пати потенцирана во текот на постапката, известени сме од содружникот на должникот дека и тој подготвува кривична пријава против доверителот за кривично дело Измама. Истиот не извести и дека против доверителот веќе се води кривична постапка во Русија, но и слична постапка во Република Бугарија, иако овие постапки воопшто не се релевантни при донесување на одлука во овој конкретен предмет.

Со оглед на досега изнесеното, му предлагам на Апелациониот суд во Штип, да ја одбие жалбата на доверителот во целост како неоснована неоснована и да го потврди Решението на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 10/13 од 14.05.2013 год, да го задолжи да му ги надомести на должникот трошоците за состав на овој одговор на жалба во износ од 14.040.00 денари, зголемени за ДДВ во висина на 18% бидејќи полномошникот на доверителот е ДДВ обврзник, како и таксата за одговор на жалба во износ кој ќе го определи судот.

Скопје, За Должникот,